Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 08/14, 02/18 ,03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 03.12.2021 година донесе,

# П Р О Г Р А М А

на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2022 година

Во 2022 година Општина Крива Паланка ќе продолжи со својата политика за понатамошно продлабочување и унапредување на соработката со граѓанските организации, односно здруженијата на граѓани и фондации, а во насока на креирање активен граѓански сектор, кој ќе биде сериозен партнер на општината, во креирањето на локалните политики и кој ќе придонесува за понатамошен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, како и втемелување на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани од заедницата.

Распределбата на јавните финансии претставува сериозна задача за секоја јавна администрација или управен органи, а соодветната распределба на јавните финансии ги потврдува добрите намери на локалната власт за одговорно управување со јавното трошење и услугите, кои се даваат на граѓаните. Затоа, целта на оваа програма е транспарентна распределба на буџетски средства, особено средства од општинските буџети, со цел да се овозможи покорисно и потранспарентно префрлање на средства до граѓанските организации (ГО).

Искуството со активностите во претходните неколку години за распределба на буџетски средства до локалните граѓански организации и здруженија преку јавен повик за аплицирање со сопствени проектни идеи и активности, се покажа позитивно, односно забележан е напредок во зголемување на капацитетите на овие организации за проектниот менаџмент циклус.

Во таа насока во 2021 година општината аплицираше и успеа да добие грант во рамки на Регионалната програма за локална демократија на Западен Балкан 2 (RELOAD 2) што, Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) успешно го спроведува на територијата на Албанија, Црна Гора, БиХ, Србија, Северна Македонија и Косово. Основна цел на оваа Програма, е зајакнување на партиципативната демократија и интеграција на Западен балкан во ЕУ, преку зајакнување на граѓанското општество и младите, со цел активно учество во донесување на одлуки и подобрување на правното и финансиското опкружување за граѓанските организации, а истата е финансирана од Европската Унија од Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Целиот процес ќе се реализира преку универзално усвоена ЛОД методологија, која претставува група документи и алатки за финансирање на проекти на ГО-и од општинските буџети и има за цел да го насочи општинското трошење кон приоритетните области и цели на

општината. ЛОД методологијата се заснова на најдобрите практики на Европската Унија, преку конкурентен приод, заснован на проект при распределбата на јавни средства за ГОи и таа е корисна алатка за локалната власт со која се унапредува локалната демократија, преку транспарентност и инклузивност во носењето одлуки. ЛОД методологијата е дел од пакетот за апликација и истата ќе биде усвоена со Одлука на Советот на општината. Учеството на Општина Крива Паланка во ReLOaD2 проектот ќе му обезбеди:

- Значителна финансиска поддршка за проекти на локалните ГОи коишто ќе се спроведуваат на територијата на општината;
- Техничка поддршка за подобрување на процесот за распределба на средства на ГОи со примена на ЛОД методологија за распределба на средства на ГОи;
- Градење и подобрување на капацитетите на локалните ГОи ;
- Градење и подобрување на капацитетите на општинските претставници во согласност со проценката на потребите;
- Регионално вмрежување и размена на искуства со општини од други корисници на ИПА каде што се спроведува ReLOaD2;
- Работа на поголемо учество на граѓаните во носењето одлуки;
- Поголема поддршка за младински ангажман;
- Соработка преку примена на разни алатки и технологии;
- Поддршка за проекти на локалните ГОи коишто обезбедуваат квалитетни и различни услуги во согласност со локалните стратешки планови за развој.

Методолошкиот пристап за транспарентна распределба на средства наменети за организациите на граѓанското општество, е изработен заради потребата од едноставни алатки, кои може првенствено да ги користат општините за распределба на сопствените буџетски ресурси, но исто така, и врз основа на барањата на граѓанските организации и нивната желба за полесен и поедноставен пристап, не само до финансиски средства од општинските буџети, туку и до средства од разни извори.

Пристапот за **Јакнење на локалната демократија – ЛОД** се заснова на искуствата од претходни проекти на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) кои се спроведени во Босна и Херцеговина (БиХ) во областа на локално управување, како и од искуствата од работата со над четириесет општини, од кои повеќето го применуваат овој пристап. Исто така, овој модел има за цел да се направи комбинација од препораките на Европската унија (ЕУ) за управување со проектен циклус (УПЦ) и од насоките на ЕУ за пристап при оценка на предлог проекти, како и да обезбеди алатки за ефикасно трошење на јавните средства.

Една од главните цели на овој пристап, кој има едноставен назив **ЛОД методологија** е да се обезбеди квалитет, во процесот на планирање и имплементација на проекти, како и униформна употреба на алатки и документација за успешна имплементација и мониторинг на проектите и трошењето на средствата, кои се распределени на граѓанските организации.

Со имплементација на активностите од RELOAD 2 проектот, ќе се третираат и младинските прашања и потреби, бидејќи токму тие се во фокус на самиот проект, но и подоцна во процесот на распишување на јавните повици и избор на активности, ќе бидат младите и нивните потреби. Тематскиот повик, што ќе се објави во почетокот на 2022 година ќе биде

фокусиран на младите, младинските прашања и потреби, со цел создавање на поволни услови и клима за нивна поуспешна интеграција и намалување на процесот на нивно иселување.

Распределбата на средствата ќе биде, со 75% грант од програмата и 25% кофинансирање од општинскиот буџет, што овозможува и зголемување на буџетските средствата од општината, за друга соработка и потреби на граѓанските организации.

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанскиот сектор во 2022 година се:

- Унапредување на партнерската соработка со граѓанскиот сектор и заедничка изработка и имплементација на проекти од значење за локалната заедница;
- Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани, преку институциска, материјална и финансиска поддршка, односно обезбедување на простории за различни активности на граѓанските организации ;
- Градење на капацитетот на граѓанските здруженија, преку учество на јавни повици за проекти со примена на ЛОД методологијата;
- 4.Поголема поддршка за младински ангажман, со акцент на третирање на младински прашања и младински потреби;
- Зголемено влијание на граѓанскиот сектор во процесот на донесување на одуки од локлано значење преку нивно директно вклучување во различни форуми и активности, кои се од сериозно локално значење.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои релевантни технички и човечки ресурси и потенцијали.
Во зависност од условите, активностите ќе бидат насочени и кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции со граѓанскиот сектор во приоритетните области на делување на локалната самоуправа.

Активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

1. Понатамошна идентификација и анализа на сегашните потреби на граѓанскиот сектор;
2. Имплементација на проектот RELOAD2 - Усвојување на ЛОД Методологија за методолошки пристап за транспарентна распределба на буџетските средства, кои се наменети за поддршка на ГО-и со реалзација на јавен повик по ЛОД Методологија
3. Обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани од општината;
4. Логистичка поддршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирања, остварување на партнерства;

5. Поттикнување на соработка помеѓу невладиниот сектор, бизнис заедницата и други групи на интерес во различни области на делување, заради подготовка на стратешки документи за Општината

| Временска рамка на активности | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | | Месец | | | | | | | | | | | |
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VII | IX | X | XI | XII |
| 1. | Идентификација и анализа на сегашните потреби на граѓанскиот сектор, | | | | | | | | | | | | |
| 2. | Имплементација на проектот РЕЛОАД 2 за распределба на средства до граѓанските организации со примена на ЛОД методологија | | | | | | | | | | | | |
| 3. | Обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани од општината | | | | | | | | | | | | |
| 4. | Логистичка потпора во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирања, остварување на партнерства | | | | | | | | | | | | |
| 5. | Поттикнување на сораборка помеѓу невладиниот сектор, бизнис заедницата и други интересни групи на делување, заради подготовка на стратешки документи за Општината | | | | | | | | | | | | |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на општина Крива Паланка и од спонзорства и донации.
За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2022 година, по потреба ќе бидат издвоени дополнителни средства од Буџетот на општината во Програмите од соодветните области.
Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка со вкупно 300.000,00 денари

| Предвидени активности за 2022 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| р/б | **Предвидени активности** | **Носител** | **Средства од општински буџет** | **Тип на подршка/соработка** | **Временски период на имплементација** |
| 1 | Имплементација на Јавен повик за распределба на средства до граѓанските организации | Општина Крива Паланка<br><br>УНДП (преку Програмата РЕЛОАД 2) | 205.000, 00 | Подготовка и објава на Повикот, трансфер на средства до Гои, мониторинг и известување за тек на имплементација | Јануари – Декември 2022 година |
| 2. | Поддршка за имплементација на Годишен настан во спортски риболов | ЗГ<br><br>ЗСР МРЕНА | 40.000,00 | Покровителство | Мај – Октомври 2022 |
| 3. | Подршка за имплементација на офроад џип рели | Граѓански сектор | 40.000,00 | Покровителство | Мај – Септември 2022 |
| 4. | Други активности предвидени<br><br>со Програмата за соработка на граѓанскиот сектор | Општина Крива Паланка<br><br>Граѓански сектор | 200.000,00 | Покровителство/ партнерство / заедничка имплементација | Во текот на годината |
| | **ВКУПНО** | **483.000,00** | | | |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка, активностите на граѓанскиот сектор ќе ги помага и со:

- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање трибини, форуми, дебати, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за

унапредување на соработката со граѓанските организации, кои се еден од главните партнери во реализацијата на активностите.
Програмата е родово сензитивна и вкупниот буџет на програмата од 483.000,00 денари е родово сензитивен.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2022 година.

**Бр. 09 - 3711/61**
**03.12.2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**